**Стручен испит за вршење на работите во постапката за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото се полага теоретски и практично.**

**Теоретскиот дел од испитот се полага електронски.**
Кандидатот добива избор од 50 прашања од базата на прашања, која се состои од околу 300 прашања поделени во пет области и тоа:
- административно технички прашања,
- технички прашања
- прашања поврзани со пополнување на согласност за регистрација на возила од категориите L, M, N и O
- прашања поврзани со пополнување на согласност за регистрација на трактори,
- прашања поврзани со пополнување на потврда за утврдени минимално технички карактеристики на мобилна машина

Секое прашање е со 5 (пет) понудени одговори, од кои:
- **еден е точен** и за негов избор кандидатот **добива два поени**,
- **два се слични но неточни** и за нивниот избор кандидатот **не добива поени**,
- **еден е неточерн** и за негов избор кандидатот **добива еден негативен поен**,
- **еден е многу неточен** и за негов избор кандидатот **добива два негативни поени**.

**Теоретскиот дел од испитот се смета за положен доколку кандидатот освои најмалку 50% од максималниот број на поени (најмалку 50 поени)**

**Практичниот дел од испитот се полага на дадено возило од соодветната категорија за која кандидатот полага** (се симулира постапката за идентификација и идентификација и оцена на техничката состојба на возилото и кандидатот притоа пополнува документи кои во реална постапка треба да бидат издадени на барателот).

Пријавите за полагање на стручниот испит можат да се поднесуваат најдоцна 7 (седум) дена пред одржување на испитот, (согласно член 20 став (1) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото).

Во прилог кон пријавата, кандидатот е должен (согласно член 23-а од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилото) да ги достави следните документи:
- заверен препис на нотар од дипломата за стручна подготовка,
- копија од лична карта и
- доказ за платени трошоци за полагање на испитот и тоа:

1. за возила од категорија **L** (*односно за категориите L1e, L2e, L3e, L4e, L5e, L6e, L7e*) ........ 4000 денари
2. за возила од категорија **M** (*односно за категориите M1, M2 и M3*) ........ 4000 денари
3. за возила од категорија **N** (*односно за категориите N1, N2 и N3*) ........ 4000 денари
4. за возила од категорија **O** (*односно за категориите O1, O2, O3 и O4*) ........ 4000 денари
5. за возила од категорија **T** (*односно за категориите T1, T2, T3 и T4*) ........ 4000 денари
6. за возила од категорија **R** (*односно за категориите R1, R2, R3 и R4*) ........ 4000 денари
7. за мобилни машини ***MM*** ........ 2500 денари
8. за **повторно полагање** на вториот (практичниот) дел од испитот што не е положен согласно одредбите од членот 66 став (4) од Законот за возила........ 2000 денари